СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Број 09-1865/2
27.05.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 10.седница

Десеттата седница се одржа на ден 27.05.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано отсутен беше Горан Димитровски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот кој рече го предложи следниот дневен ред:

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 9.седница
-Усвојување на Записник од Вонредна седница

1.Предлог-Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Делчево;
2.Предлог- Одлуказа престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;
3.Предлог-Решение за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;
4. Предлог-Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;
5. Предлог-Одлука за прифаќање на донација;
Образлагач: Ивана Ивановска-раководител на Одделение за правни и општи работи.
6. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Предлог-Заклучок за усвојување.
Образлагач: Лелја Анакиевска-командир на ПС од ОН Делчево.
7. Предлог-Одлука за формирање на Просторни сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;
8. Предлог-Одлука за утврдување на висина на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;
Образлагач: Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување.
9.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание;
10.Предлог-Одлука по барање за спонзорство бр.09-1639 од 13.05.2026;
Образлагач: Николчо Стојменовски-претседател на Советот.
11. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026 со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач: Ана Ситновска Димитровска, раководител на Одделение за буџет, сметоводство и администрирање на даноци.

12. Предлог-Одлука за финансиска поддршка за организација на манифестација „Црешијада“ бр.09-1846 од 20.05.2026;

Образлагач: Николчо Стојменовски-претседател на Советот на Општина Делчево.

13. Измена на Годишен план за вработување за 2026 година со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач: Сузана Петровска-Раководител на Одделението за човечки ресурси.

14. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Месна заедница Косово Дабје.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој друг од советниците не се јавија за збор, за збор се јави претседателот на Советот кој рече дека тој има предлог за дополнување на дневниот ред со 2 точки и тие се од итен карактер, а се однесуваат на:

15.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;

16.Предлог- Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точките 15 и 16, беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ , против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со точките 15 и 16.

На гласање беше ставен дневниот ред со дополнувањето (точка 15 и точка 16) .

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 отсутен, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 10.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 9.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по Записникот беше затворена, а Записникот од 9.седница беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 отсутен Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 9.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Вонредната седница.

За збор се јави советникот Горан Николовски кој праша до каде е постапката за формирање Комисијата за утврдување на штетата бидејќи се уште не излегле на терен за да ја констатираат штетата и праша дали се точни информациите што кружат во јавноста дека на сите земјоделци кои поднеле барања за обештетување ќе им се укинат субвенциите?

Одговор на овие прашања даде раководителката на Одделението за правни и општи работи Ивана Ивановска, која рече дека Јавниот повик кој бил распишан, завршил, а согласно законот Комисијата за утврдување на штета ја формира Советот. Треба да се размисли околу составот, да се изберат стручни лица и ќе треба на прва наредна седница да се формира таа комисија. Што се однесува до второто прашање, таа истакна дека општината нема надлежност во делот на субвенциите и советникот може да побара одговор од ПЕ на

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бидејќи тие го имаат донесено Правилникот. Таа рече дека има донесено некој подзаконски аклт кој го дефинира/третира тоа прашање, но можно е да има и некои нови измени. Луѓето беа упатувани да си поднесат барања, а меѓувреме ако има некои измени во тој дел со потпишување на изјава да можат да го повлечат барањето, односно доколку некој смета дека има потреба може да го повлече своето барање со потпишување на изјава.

Тони Стаменовски рече дека на Вонредната седница боло заклучено што поитно да се формира Комисијата и да излезе на терен и да изврши проценка на штетата.

Горан Николовски истакна дека не е во ред тоа што сè уште не е формирана таа комисија бидејќи на Вонредната седница било заклучено итно да се формира комисијата и благовремено да излезе на терен за да не се случи ситуација како претходни години, на оние места каде немало голомразица, родот од сливи и вишни да биде соберен, а комисијата да излезе на терен после тоа или пак да не биде изготвен елаборат или извештај навреме.

Ивана Ивановска повтори дека законската обврска за формирање на комисијата е на Советот. Што се однесува до ланската година, и лани комисијата излегла на терен подоцна. Имало исто така и прекин на Јавниот повик, па бил продолжен. Проблемот бил во тоа што комисијата не сакала да го потпише извештајот .

Игор Гошевски рече дека смета оти Советот не е надлежен да ја формира комисијата.

Ивана Ивановска рече дека и ланската година Решението за формирање на Комисијата било донесено од страна на Советот.

Тони Стаменковски рече дека Советот треба да добие Предлог- Решение или Предлог-Одлука изготвен од администрацијата и да го изгласа, да го донесе. Советот не изготвува акти, тој ги донесува. Не можеме сега да кажеме некои лица и да изгласаме Комисија. На Вонредната седница дадовме насоки, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека досега требало да се формира Комисијата.

Ивана Ивановска истакна дека во законот стои дека Советот формира Комисија за проценка на штета. Персоналниот состав треба да биде стручен и спремен да работи согласно Методологијата и Уредбата. Не е работата да се избрза и да се донесе комисија и како лани да не сака да работи и да го потпише извештајот. Таа рече дека Советот треба да изнајде начин да се изберат стручни, компетентни лица или да се ангажираат проценители по претходен договор со Градоначалникот на општината, Советот и претставници на ПЕ за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мора да се седне на заедничка маса, да се разговара за проблемот и на крај да се изнајде решение, да се изберат луѓе кои ќе работат, а не како лани. Најлесно е Општината да пушти барање до МЗШВ и тие да номинираат свои луѓе, ќе с е стават и од Општината и ќе се изготви одлука која ќе оди на дневен ред, ама со тоа нема да се реши проблемот, рече таа .

Претседателот на Советот рече дека веќе подолго време поминало од голомразицата и седницата, а се уште не е формирана Комисија. Кога таа ќе се формира, кога ќе излезе на терен, ако излезе на терен, што ќе констарира, праша тој.

Игор Гошевски рече дека на почетокот на мај Советот одржал вонредна седница и донел Одлука за прогласување на елементарна непогода голомразица. На самата седница се донесени заклучоци со кои се задолжува општинската администрација и

градоначалникот да предложат Одлука за формирање таква комисија и тие што побрзо да излезат на терен. Колку повеќе се одолговлекува тоа, толку полошо ќе биде .

Исто така тој побара процедурално до претседателот во врска со давањето збор и тоа кој и кога се јавува за збор, а има некој ред, да се почитува процедурата.

Претседателот на Советот рече дека е во ред процедуралната забелешка, тој се труди да ја почитува процедурата, но понекогаш е невозможно бидејќи сите советници зборуваат во ист глас.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор.

Расправата по Записникот од 9.седница беше затворена,а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Вонредната седница на Советот.

Прва точка-Предлог-Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Делчево;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека како што е познато пред некоја седница била донесена одлука за промена на име на улицата „Светозар Марковиќ“ во „Љубомир Белогаски“. Според тоа потребно е да се изврши и промена на седиштето на Општина Делчево, а претходно да се изврши измена на Статутот на Општината. Статутот се менува во две фази, ова е првата фаза. Имајќи ги предвид законските и статутарните одредби се пристапува кон измена на Статутот на Општина Делчево. Постапката е започната со поднесување на Иницијатива за измена на Статутот, поднесена од страна на градоначалникот. Со оваа Иницијатива за имена на Стаутот покрај промената на седиштето на партијата, се предлага измена и во делот на глава Х.МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА.Имено во член 134 пропишано е дека во Постојани облици на месна самоуправа се:

-Урбани заедници (Први реон, Втори реон, Трети реон, Стар Рсадник, Ново Делчево, Милково Брдо, Басарица и Svегорска Река.

Со оглед на фактот дека од група граѓани од населбата Пролет е дподнесено иницијатива за формирање на нова урбана заедница до Советот на општина Делчево, по која градоначалникот има дадено позитивно мислење. Следниот чекор е Советот да донесе Одлука за исполнување на условите и одновани потребите за основање на облик на месна самоуправа,а со тоа и да се изврши дополнување на Статутот, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која истакна дека кога се поднесува Иницијатива за формирање на нова урбана заедница, потребно е да се достават потписи на 10% од граѓаните кои живеат во таа урбана заедница и побара доколку има таква Иницијатива да се достави до советниците на разгледување.

Ивана Ивановска рече дека кога веќе се пристапува кон измена на Статутот заради промената на името на улицата на седиштето, ставена е измена која се однесува на глава МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА. Имено, група граѓани на населба Пролет имаат поднесено Иницијатива за основање на нова урбана заедница. Имајќи предвиде дека во постојниот Статут во делот кој се однесува на облици на месна самоуправа, УЗ Пролет не е навдена, се предлага и ова аизмена на Статутот.

Од страна на службите беше доставена Иницијативата со потписите до советничката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 2 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 отсутен, Советот на Општина Делчео ја донесе Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на Општина Делчево.

Втора точка-Предлог- Одлука за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска која истакна дека во врска со оваа точка и наредните две кои се однесуваат на музејот, образложението е исто, а тоа е дека поднесените документи до Централен регистар не треба да бидат постари од 90 дена од нивното издавање и е потребно е да се донесат нови одлуки. Затоа се предлагаат овие точки, 2, 3 и 4, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која праша зошто не се поднесени документите во законскиот рок/навреме, која е причината?

Ивана Ивановска рече дека целосната постапка околу ликвидирањето на музејот ја води овластен регистрационен агент адвокат, Општината нема информација зошто не е спроведена постапката досега, освен што адвокатот има поднесено Поднесок со известување во кое не известува дека поднесените документи до Централен регистар не треба да бидат постари од 90 дена од нивното издавање, потребно е да се донесат нови одлуки.

Игор Гошевски ја праша Ивана Ивановска дали Општината трпи некоја штета заради тоа?

Ивана Ивановска рече дека Општината не трпи никаква штета, битно е постапката да се заврши сега по стапувањето во сила на овие одлуки.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, против нема и 3 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 отсутен, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;

Трета точка-Предлог-Решение за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска која рече дека претходното образложение се однесува и на оваа точка.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 отсутен, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;

Четврта точка- Предлог-Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска која рече дека претходното образложение се однесува и на оваа точка.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 отсутен, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за промена на назив на установа и скратен назив;

Петта точка-Предлог-Одлука за прифаќање на донација;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-раководител на Одделение за правни и општи работи која рече дека со оваа Одлука се дава согласност за прифаќање на донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз извоз Делчево.Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во изработка на 9 (девет) Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за потребите на Општина Делчево кои се наведени во самата одлука.

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како примател на донацијата и давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз извоз Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша која е вкупната сума/износ на донацијата?

Ивана Ивановска рече дека советникот ќе добие писмен одговор.

Адријана Илиевска Велковски праша за која постапка се однесуваат тие геодетски елаборати со намена Б4, на кои локации, каде се наоѓаат?

Ивана Ивановска рече дека тоа се локации кои се опфатени со Програмата за уредување на градежно земјиште и Програмата за продажба на градежно земјиште.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 отсутен, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за прифаќање на донација.

Шеста точка- Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Предлог-Заклучок за усвојување.

Овој Извештај беше презентиран од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност, Лејла Анакиевска која истакна дека согласно член 25 став 1 од Законот за полиција, командирот на ПС од ОН до Советот на Општината двапати годишно доставува Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.Конкретно овој извештај се однесува на второто полугодие од 2025 година. Безбедносната состојба на подрачјето на општина Делчево се оценува како стабилна и поволна. Во областа на криминалитетот регистрирани се 82 кривични дела, споредбено со ланската година, има зголемување на бројот на пријавени кривични дела за против 69 сторители.Од вкупниот број на регистрирани кривични дела најголем број се од класичниот криминалитет 64 и во вој извештаен период има зголемување на бројот на пријавени. Од класичниот криминалитет-имотни деликти најкарактеристчни се кривичните дела кражби и тешки кражби.Кривични дела со елементи на насилство се регистрирани 6,од кои 2 по член 201, насилство врз дете, 1 е тешка телесна повреда, 1 насилство и 1 напад на службено лице при вршење должност.

Од областа на економскиот криминалитет регистрирани се 13 кривични дела и 10 сторители.

Во извештајниот период од вкупно пријавените 82 дела расчистени се 73, а против сторителите се поднесени соодветни кривични пријави до надлежното обвинителство.

Што се однесува до јавниот ред и мир сосстојбата се карактеризира со намалување на бројот на прекршоци за 12% во однос на истиот период лани.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковска која ја праша Лејла Анакиевска на што се должи зголемувањето на криминалитетот (кривичните дела) во однос на ланската година и кои мерки се преземаат за намалување на криминалитетот?

Лејла Анакиевска истакна дека зголемување на криминалитетот има пред сè кај делата поврзани со семејно насилство бидејќи самите жртви на смејно насилство секоја година се повеќе се охрабруваат и го пријавуваат семејното насилство. Кај економскиот криминал, сообраќајот и кражбите нема зголемување, рече таа

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“ и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

Седма точка-Предлог-Одлука за формирање на Просторни сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;

Образлагач по Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување кој истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 34 став 1 и 2, член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување и Уредбата за видот, големината и организацијата на силите за заштита и спасување. Со оваа Одлука се формираат Просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево.Силите за заштита и спасување се формираат за дејствувањето на подрачјето на општина Делчево заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни и други непогоди.Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево се формираат како Универзална единица за заштита и спасување. Тој информираше дека Универзалната единица за заштита и спасување се формира во формација на вод и брои досега (врз основа на потпишаните договори број 19 припадници).Составот, материјално-техничкото опремување и обука на припадниците на Единицата ќе се врши согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување,,(Сл.весник на РМ,,бр.124/06).Со Просторните сили командува и раководи Штабот за заштита и спасување формиран од Советот на општина Делчево.

За ангажирање на припадниците на Просторните сили и нивната обука следува паричен надомест согласно Одлуката за утврдување и висината на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при општина Делчево бр.09-30.03.2018 година објавена во ,,Сл.власник на општина Делчево,, бр.5.од.03.04.2018 година. Исто така тој истакна дека ваква одлука се донесува секоја година и се ревидира во зависност од промените. Членивањето во овие сили е на доброволна сонова.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека за оваа точка се разговарало на седница на Комисијата и дека денешната седница е добра можност да се испрати апел да се пријавуваат заинтересирани лица за Просторните сили. Таа праша дали постојат некои услови или критериуми кои треба да се исполнуваат на лицата кои ќе бидат ангажирани во Просторните сили?

Кире Цоневски истакна дека лицата кои се во Просторните сили не треба да бидат постари од 55 години, не треба да имаат хронични заболувања, не треба да имаат правено операции, не треба да имаат стентови и слично. Тој исто така истакна дека досега се пријавиле само 19 лица, едноставно немало интерес.

За збор се јави Игор Гошевски кој во врска со одлуката за формирање на просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Делчево, предложи два начини за обезбедување доволен број пријавени лица и тоа:

-објавување јавен повик до сите заинтересирани граѓани

-вклучување на интервентните противпожарни екипи од институциите чиј основач е Општина Делчево. Тој рече дека би било добро Општина Делчево повторно да ги контактира институциите чиј основач е со цел да се зголеми бројката на заинтересирани. Тој рече дека секогаш кога се случи нешто што не треба (поплави, пожари и слично) обично се вклучуваат многу граѓани, но тие можат да бидат и проблем доколку не се соодветно обучени.

Кире Цоневски рече дека во Законот за заштита и спасување е дефинирано сè што се однесува на Просторните сили, нивниот состав, обуки, начин на пријавување. Во Законот за заштита и спасување не постои распишување на Јавен повик.

Реплика на Игор Гошевски имаше Адријана Илиевска Велковски која рече дека на Комисијата во врска со оваа точка било потенцирано дека припадниците на Просторните сили ќе бидат обучени.

Претседателот на Советот истакна дека доколку во меѓувреме се пријават повеќе заинтересирани лица за Просторните сили, одлуката ќе се измени во тој дел. Секако дека е потребно сите луѓе кои ќе бидат ангажирани да бидат обучени. Тој го праша образлагачот кој ќе ја врши обуката?

Игор Гошевски праша дали се предвидува и некоја техничка опрема за ПС?

Тони Стаменковски рече дека за формирањето на Просторните сили не треба да се објавува Јавен повик, туку да биде задолжително со луѓе од локалните институции и заинтересирани доброволци, како што било во некогашна Југославија. Да не биде на принципот сакам/не сакам туку задолжително, да се изберат најсоодветните луѓе (согласно критериумите) од локалните и државни институции и да се обучат од соосветни обучувачи. Тој го праша К.Цоневски дали има пријавено луѓе од Локалната самоуправа?

Кире Цоневски рече дека пријавувањето за Просторните сили е доброволно, така е во Законот за заштита и спасување, не може со сила да се натераат луѓето. Да се вклучат во Просторните сили. За нивниот ангажман ќе имаат соодветен надомест, наредната одлука се однесува токку на тоа. Во врска со прашањето на Т.Стаменковски, тој рече дека досега нема пријавено луѓе од Локалната самоуправа.Што се однесува до прашањето за техничка опрема, тој истакна дека ќе има.

Виктор Ѓеоргиевски паша дали ќе има санкции доколку некој од припадниците на ПС свесно не е достапен кога ќе има потреба и дали неговото место ќе се пополни со друг/ Исто

така тој рече за дасе зголеми интересот за учество во Просторните сили секој треба да даде личен пример и изрази спремност тој да се вклучи во Просторните сили.

Адријана Илиевска Велковски рече дека најголем број од припадниците на ПС се наставници од општинските училишта и упати јавна пофалба до нив и рече дека тие треба да бидат пример за сите други.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на висина на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување кој истакна дека со оваа Одлука се утврдува висината на паричниот надоместок на граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето во врска со учеството во просторните сили за заштита и спасување што ги формира Општина Делчево.На припадниците на просторните сили им следува надоместок во висина од 3% од просечната месечна плата по работник во Република Северна Македонија објавена од Државниот завод за статистика за претходниот месец, по реален ангажман, а за раководните лица 5% по реален ден ангажман.Надоместокот се исплатува врз основа на наредба за активирање на просторните сили донесена од Градоначалникот или овластено лице, како и врз основа на евидентиран извршен ангажман согласно службена документација.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали надоместок во висина од 3% од просечната месечна плата по работник во Република Северна Македонија објавена од Државниот завод за статистика за претходниот месец, по реален ангажман, а за раководните лица 5% е процент кој е во согласност со закон или Советот може да определи друг процент?

Кире Цоневски рече дека овој процент е законски определен и Советот нема влијание на истиот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена.

На гласање беше ставена Одлуката за утврдување на висина на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание;

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот Н.Стојменовски кој рече дека до Советот е доставено барање од страна на Славчо Десподов. Средствата кои ги бара (100.000 денари) ќе бидат наменети за издавање на Монографија за Разловечкото востание, по повод јубилејот 150 години од Разловечкото востание. Предложената сума за оваа одлука е 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание.

Десетта точка-Предлог-Одлука по барање за спонзорство бр.09-1639 од 13.05.2026;

Образлагач по точката беше Николчо Стојменовски-претседател на Советот кој рече дека до Советот е доставено Барање за спонзорство од ФК Напредок 2025 од Пехчево. Средствата ќе бидат наменети за организирање на меѓународен турнир во мал фудбал за генерации од 2024, 2025, 2016 и 2017.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека оваа одлука се однесува на спонзорство на ФК Напредок од Пехчево и предложената сума е 5000 денари. Иако оваа сума е релативно мала, таа истакна дека Општина Делчево е општина со блокирана сметка и затоа треба да работи домачински и одговорно да се однесува. Таа рече дека секои парични средства кои се однесуваат на клубови или здруженија кои не се од нашата општина или во нив нема активни наши членови не треба да се даваат. Овие средствата треба да бидат насочени исклучиво кон граѓаните на нашата општина, за наши клубови, наши здруженија . Општина Делчево не е толку моќна општина па да доделува средства на клубови и здруженија од други општини. Ние како Совет треба да се грижиме за благосостојбата на нашите граѓани, Советот е институција која е избрана од страна на граѓаните на Општина Делчево и одлуките што ги носи Советот треба да бидат во нивен интерес.

Тони Стаменовски рече дека апсолутно се согласува со дискусијата на А.И.Велковски и дека буџетските средства треба да бидат доделувани по барања и за потребите на нашите граѓани, независно дали се здруженија, спортски клубови, невладини организации. Нашата Општина е блокирана Општина и приоритет на Општината и на Советот треба да бидат нашите граѓани и нивните потреби и барања.

Игор Гошевски исто така се согласи со дискусијата на неговите колеги и рече дека треба да се прифаќаат барањата, односно да се одобруваат средства само на клубови и здруженија кои се од нашата општина. Исто така тој праша дали Општина Делчево ќе има некој бенефит од организацијата на овој турнир?

Претседателот на Советот рече дека колку што има информации станува збор за турнир на кој ќе учествуваат и клубови од нашата општина, а во организацијата е човек кој потекнува од Делчево. Тој предложи 5000,00 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, против нема и 5 воздржани, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката по барање за спонзорство бр.09-1639 од 13.05.2026.

Единаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026 со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката поднесе Ана Ситновска Димитровска, раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци која рече дека Согласно Законот за буџети и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, е изготвен Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Делчево за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година.Во извештајниот период, вкупниот Буџет на Општина Делчево е планиран во износ од 481.604.321 денари, а реализирани се 100.709.308 денари, односно реализацијата изнесува околу 21 %. Процентот на реализација на приходната страна во првиот квартал од 2026 споредбено со истиот период од 2025 година е ист.
Процентот на реализација на тековно оперативните приходи во основниот буџет е 23,1%, додека на капиталните приходи е 7,3%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 192.788.125 денари а релизирани се 19,93% односно 38.420.091 денари, реализацијата е незначително зголемена споредбено со првиот квартал од 2025. Во буџетот на наменска дотација од планирани 258.001.311 денари приходи , реализирани се 59.147.727 денари односно 22,93%,и истата е зголемена за 0,3% во однос на истиот период лани.. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 11% , односно од планирани 13.588.000 денари реализирани се 1.500.785 денари, и истата е намалена за 6,7% во однос на истиот период лани. Кај буџетот на донации од планирани 17.226.885 денари, реализирани се 1.640.705 денари или реализација од 9,5%. Овде споредбено со истиот период од лани имаме значително намалување во однос на 2025 за 14%, што се должи на намалената динамика на уплати од договорот за прекугранична соработка.

Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група 71-даночни приходи е скоро 26%.Во оваа група најголема реализација има кај конто 717137(надомест за уредување на градежно земјиште) од 70%. Реализацијата на 72-неданочните приходи во првиот квартал од 2025 е 17,2 %, .Групата 74-Трансферите и донациите на ниво на вкупен буџет се со реализација од 20 %, додека реализацијата во основниот буџет е 15.8%

Во капиталниот биланс,група 73-Капиталните приходи заклучно со 31.03.2025 година се наплатени во износ од 2.285.042 денари,од вкупно планирани 4.685.395 денари односно 48 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација .

Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 481.604.321 денари. Од нив се реализирани 95.800.722 денари или 19,9%. Процентот на реализација на расходната страна е ист во споредба со реализацијата на расходната страна во првиот квартал од претходната година.
Во основниот буџет од планирани 192.788.125 денари за расходи, реализирани се 38.420.091 денари или 19,9%.

Таа рче дека ако се направи подетална анализа по расходни групи во вкупниот буџет ќе се види дека:

На група 40-Плати, наемнини и надоместоци за вработените-реализирани се 63.531.643 денари од вкупно планирани 282.363.389 денари или 22,5%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .

Во првиот квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.

Реализацијата во група 42-Стоки и услуги е 11,2 %, односно од предвидени 52.197.952 денари потрошени се 5.880.751 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.

Во група 45- камати, реализирани се 366.221 денари од планирани 1.800.000 денари или 20,3%

Кај група 46-Субвенции и трансфери, реализацијата е 12% односно од предвидени 6.160.830 денари потрошени се 741.575 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.

Реализацијата кај група 47-Социјални бенефиции е 27,3%, односно од планирани 1.417.000 денари заклучно со 31.03.2026 потрошени се 388.065 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.

50% реализација имаме кај група 49 отплата на главница, тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи се со процент на реализација од 16,9% до 31.03.2026, односно од планирани 132.205.150 денари се потрошени 22.353.535 денари, или зголемување за 4% во однос на реализацијата на капиталните расходи во истиот период 2025 година.

Во оваа расходна група влегуваат расходи за исплата по ситуации за изградба на улици и патишта од општиот тендер за улици и патишта, потоа исплата за реконструкција на дел од ул.Солунска, реконструкција на мост на река Габровчица, реконструкција на улица Гоце Делчев, изградба на фекална и атмосферска канализација во ЦГП, исплата на дел од реконструкција на водоводна мрежа во зона Старо Делчево,изработка на проекти за улично осветлување, елаборати за проценка на недвижен имот, исплати за изградбата на новата детска градинка, позајмица на Општина Делчево за ИПА проектот за прекугранична соработка, исплата на мерната станица за ПМ честички, исплати за партерно уредување на новата детска градинка и исплати на надоместоци за одземен имот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Адријана Илиевска Велковски која истакна дека Буџетот на Општина Делчево за Советот е 6 милиони денари, а реализацијата е 586.000 денари, што значи дека имате исплатено паушали на претходните советници. „Колкав е долгот кој не е исплатен на претходните советници и кога и зошто не е почнато исплаќањето на надоместокот на членовите на Советот од актуелниот состав?“, праша таа

Ана С. Димитровска рече дека за првиот дел од прашањето (Колкав е долгот кој не е исплатен на претходните советници), советничката ќе добие писмено известување, а во врска со вториот дел од прашањето, таа рече дека се пуштани налози за исплата на надомест на советниците од овој состав, но налозите не поминале.

Игор Гошевски рече дека во врска со оваа точка тој ќе се задржи на процентот на реализација на најниската и највисоката ставка при што истакна дека најнисок процент на реализација е забележана кај капиталните расходи – само 17%.

Највисока реализација има кај средствата за привремени вработувања. Односно, од планирани 1.770.000 денари, во првиот квартал се потрошени 721.218 денари. Тој рече дека доколку ваквото темпо продолжи и во наредниот период, постои ризик предвидените средства да не бидат доволни за исплата на плати до крајот на годината.

Во отсуство на Градоначалникот, тој ја праша Ана С.Димитровска како ја оправдува оваа ниска реализација на капитални расходи?

Исто така тој ја праша А.С.Димитровска колку лица се ангажирани со договор на дело односно преку Агенција за привремени вработувања и по кои критериуми се ангажираат?

Ана С.Димитровска рече дека процентот на реализација на капиталните расходи во 1 квартал секогаш е најниска бидејќи е зимски период и нема градежни активности на терен и истиот е речиси ист како лани, очекувана е таа реализација нема некои големи отстапки во однос на ланската година. Што се однесува до второто прашање, таа истакна дека тоа прашање не е до неа, советникот треба да се обрати на друго место.

Бидејќи никој друг не се јави за збор по оваа точка, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка за организација на манифестација „Црешијада“ бр.09-1846 од 20.05.2026;

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека ова Барање е поднесено од страна на НВО Траг кој се памети од с.Вељуса, Струмица, а се однесува за финансиска поддршка за организација на манифестација/културен настан-Црешијада. Предложената сума е 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој се надоврза на претходните дискусии во врска со ваквите точки и рече дека не гледа дека нашата Општина има било каков бенефит од одржувањето на оваа манифестација. Тој истакна дека во нашата Општина традиционално се одржува ваква манифестација- Сливијада и треба да се поддржуваат наши манифестации и настани.

Тони Стаменковски исто така рече дека не треба од буџетот на Општина Делчево средствата да се даваат за поддршка на невладини организации, здруженија и спортски клубови од други општини.

„ Има наши луѓе на кои навистина им е потребна било каква финансиска помош од разни причини и ние како Општина и како Совет мора да се грижиме и да им помагаме на нив“, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со ниту еден гласа „ЗА“, 10 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ и 4 „ПРОТИВ“, Одлуката не беше донесена.

Тринаесетта точка- Измена на Годишен план за вработување за 2026 година со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач по оваа точка во отсуство на Сузана Петровска-Раководител на Одделението за човечки ресурси, беше Ивана Ивановска која истакна дека со Измената на овој Годишен план се планираат 5 унапредувања од кои едно веќе е пополнето и истите се наведени во материјалите кои се доставени до советниците, конкретно во Табела 2. Наведени се исто така и работните места кои се ослободуваат заради пензионирање (2) работни места, како и планираните нови вработувања Дел 4, Планирано зголемување на вработените во институцијата (16) работни места. Таа истакна дека тоа е само план, не мора сите да бидат пополнети, но се ставени во Измената на планот бидејќи ги има во Правилникот за систематизација и се непополнети.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Адријана Илиевска Велковски праша дали овие измени се за 2026 или 2027 и дали работните места- водач на група во ТППЕ, со реден број 15 и 16, се нови вработувања?

Ивана Ивановска рече овие Измени на ГПВ се однесува на планот за 2026, а работните места со реден број 15 и 16 се нови вработувања.

Игор Гошевски побара писмен одговор за вкупниот број на слободни места во Правилникот за систематизација на работни места и Список/Листа на вработени преку Агенција за привремени вработувања.

Тони Стаменковски рече дека со секое ново унапредување се ослободуваат работни места на кои најверојатно ќе бидат вработено нови луѓе и праша уште колку службеници од општинската администрација останале неунапредени?

Ивана Ивановска рече на овие прашања писмено ќе одговори Сузана Петровска.

Четиринаесетта точка- Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Месна заедница Косово Дабје.

Образлагач и по оваа точка беше претседателот на Советот кој истакна дека МЗ Косово Дабје има поднесено барање до Советот со кое бара средства за опесочување на критични точки на локалниот пат и поставување цевки на критични испусти. Се предлага сума од 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека колку што се сеќава на МЗ заедница Косово Дабје, во претходниот мандат на Советот или во овој состав се доделувани средства и праша колку од нив се реализирани и за што?

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски рече дека од одобрените 50.000 денари донесени во претходниот мандат на Советот, 30.000 денари се реализирани. Согласно Програмата за работа на урбани и месни заедници, донесена од овој состав на Советот, максималната сума што може да им се додели на месните заедници е 10.000 денари, но тие средства не се доволни за да ги завршат работите што се наведени во барањето на МЗ Косово Дабје.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 глааа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска која истакна дека со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе. Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе утврдена во членот 11-а.

Таа истакна дека со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали општина Делчево ќе има претставници во органите на управување на ова Заедничко регионално јавно претпријатие.

Ивана Ивановска рече дека таа не може во моментот да одговори бидејќи не ги знае деталите. Согласно Статутот на ова претпријатие, секоја општина има претставник. Градоначалникот бил на состанок во Куманово и тој е повеќе во тек во врска со ова и слични прашања.

Во меѓувреме на седницата дојде и градоначалникот кој рече дека пред извесно време бил на состанок поврзан со оваа тема кој се одржал во Куманово и на кој присуствувале сите градоначалници на општините од Североисточниот и Источниот регион. На состанокот било договорено, на прва наредна седница на советите на овие општини, да бидат донесени овие две одлуки. Со едната одлука се врши измена со додавање на 2 члена, а со другата се утврдува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе. Тој рече дека е успех што било издејствувано да се плаќа 10 денари од жител, а не 60 како што било предложено. Тој рече дека нашиот Совет треба да ги донесе овие Одлуки и изрази надеж дека претпријатието конеќно ќе профункционира. Инаку, овој проект со формирање на на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК е од поодамна, но некако не профункционирало од разни причини. Во

меѓувреме на Општина Свети Николе ѝ се одземени ингеренциите во делот на управувањето на отпадот, добро е тоа што кај нас се уште не се одзмени, рече градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Шеснаесетта точка-Предлог- Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе.

Образложение по точката поднесе Ивана Ивановска која рече дека со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа, согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година, а ќе се користат за:тековно работење на Претпријатието, одржување на опрема и инфраструктура, развој на системот за регионално управување со отпад и други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието. Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието. Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој и на оваа седница побара кога има итни точки материјалите да се доставуваат навреме за да можа советниците да расправаат врз основа на факти и податоци.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Исто така тој побара одговор од градоначалникот во врска со исплатата на надоместокот на избирачките одбори за локалните избори, кога ќе се исплатат средствата, како и кога ќе се формира Комисија за процена на штета?

Градоначалникот на Општина Делчево, рече дека наредната недела од понеделник до среда треба да се изврши исплата. Парите се стигнати од ДИК, во тек е проверка на сметки и лични карти на 450 луѓе и секако дека ќе има исплата.

Во најскоро време ќе се формира Комисијата за проценка на штети, рече градоначалнкот.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 10.седница на Советот заврши со работа во 13:36 часот.

Седницата ја водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски